| Компанија | Име на проект | Град | Сопствено ко-финансирање (МКД) | ФИТР ко-финансирање (МКД) | Вкупен буџет | Кус опис | Индустрија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЕКО ПЛАСТ ТЕХНИКА ДОО КАВАДАРЦИ | Унапредување на процесот на селекција и отстранување на примеси во рециклирањето на ПЕТ пластика | Кавадарци | 8,740,925.90 | 3,746,111.10 | 12,487,037.00 | Средствата се наменети за набавка на специјализирана опрема Sortex E Poly Vision optical sorter која служи за сортирање на ПЕТ пластика во процесот на рециклажа со помош на високо технолошка оптичка технологија за детекција и отстранување на пластични примеси и полимери. Со оваа технологија сортирањето на пластиката во процесот на преработка ќе се врши не само по боја туку и според хемиски состав. Со ова значително ќе се намали количеството на примеси во ПЕТ мелевината со што ќе се задоволат европските стандарди за производство на ПЕТ гранулат. Примената на оваа технологија истовремено ќе придонесе кон зголемување на квалитетот на производите и нивна продажба по повисоки конкурентни цени. | Технолошка индустрија |

| Компанија | Име на проект | Град | Сопствено ко-финансирање (МКД) | ФИТР ко-финансирање (МКД) | Вкупен буџет | Кус опис | Индустрија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПЛАСТИК ПАК КОМПАНИ ДООЕЛ | Био разградливи кеси и пакувања | Скопје | 7.937.055,00 | 3.401.595,00 | 11.338.650,00 | Проектот предвидува набавка на машини за производство на еколошки биоразградливи кеси и вреќи за отпад. Кесите ќе бидат изработени од поп корн (биоразградлив материјал со пченкарна база кој има значително помал век на разградување во однос на постоечките материјали за кеси и вреќи за отпад на македонскиот и регионалниот пазар). Компанија исто така работи и на развој на биоразградливи материјали од пченка и пченкарни суровини за производство на биоразградливи кеси. | Маркетинг, трговија, продажба и дистрибуција |
| ВЕЛМАР ФУДС КОМПАНИ ДООЕЛ | Имплементација на нов технолошки процес за производство на полупечени смрзнати пици | Скопје | 15,444,186.00 | 6,618,939.00 | 22,063,125.00 | Компанијата Велмар фудс воведува нов технолошки процес за производство на полупечени смрзнати пици кој ќе биде прв од ваков вид во Македонија. Средствата ќе бидат наменети за набавка на нова линија за производство на замрзнати пици (миксер, комора за зреење на пиците, модулатор преса, тунелска печка и сл.). Според планот, реализацијата на проектот се предвидува да биде во кус период и компанијата да започне со индустриско производство. За новиот производ ќе бидат изработени и посебно лого и амбалажа. | Маркетинг, трговија, продажба и дистрибуција |

| Компанија | Име на проект | Град | Сопствено ко-финансирање (МКД) | ФИТР ко-финансирање (МКД) | Вкупен буџет | Кус опис | Индустрија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДИМЕКС ИНЖЕНЕРИНГ | Дизајн и производство на Custom Внатрешни Врати отпорни на влага и UV со помош на развој на интерактивно софтверско решение | Велес | 5.382.860,00 | 2.306.940,00 | 7.689.800,00 | Средствата се наменети за набавка на машина за производство на нов уникатен производ - Custom, дизајнирани внатрешни врати кои ќе бидат отпорни на влага. Новите машини ќе бидат со дигитален UV принт кој може да се аплицира на сите плочести материјали, ПВЦ, метал и дрво, а истите ќе бидат заштитени со специјален лак за заштита од гребење. Custom дизајнирани внатрешни врати исто така може да бидат изработени според дизајн по желба на купувачот, а истите ќе имаат и долготраен век, висока енергетска ефикасност и висока звучна изолација. | Градежништво |
| НАВАТЕХ ОХРИД ДООЕЛ | Изградба на брод - Александрија 3 | Охрид | 12.726.491,00 | 5.198.146,00 | 17.924.637,00 | Компанијата Наватех, која се занимава со транспорт на патници повеќе од 15 години со овој проект планира проширување на услугите и збогатување на туристичката понуда во Охрид. Проектот предвидува развој на концепт и дизајн, како и комплетно сопствено производство на нов брод – Александрија 3. Компанијата веќе има два брода, а новиот брод треба да биде двојно поголем од постоечките. Идеата за изградба на сопствен брод е поради зголемената побарувачка за користење на услугите на компанијата и зголемениот број туристи во Охрид. Со реализацијата на овој проект компанијата предвидува и отворање на нови работни места. | Машинство |

Република Северна Македонија
**Влада на Република Северна Македонија**

ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

| Компанија | Име на проект | Град | Сопствено ко-финансирање (МКД) | ФИТР ко-финансирање (МКД) | Вкупен буџет | Кус опис | Индустрија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВЕТЕКС ВЕЛЕС | 4 Сезони | Велес | 25.250.000,00 | 10.000.000,00 | 35.250.000,00 | ВЕТЕКС АД е компанија за производство на предива и конци која работи повеќе од 45 години и има висока позиција на текстилниот пазар не само во Македонија туку и во Европа. Нивниот проект „4 СЕЗОНИ" предвидува набавка, инсталација и монтажа на опрема за воведување на производство на нови специјализирани типови предива и конци изработени од соодветна мешавина на памук со акрил и волна. Со комбинирање на трите видови влакна, АД ВЕТЕКС ќе создаде предива кои ќе ги содржат најдобрите карактеристи на секој од влакната посебно, а комбинацијата на памучно со волнено влакно ќе создаде конец кој е потенок, полесен и помек на допир, но задржува топлина и дозволува кожата да дише. | Текстилна индустрија и кожарство |

КОФИНАНСИРАНИ ГРАНТОВИ ЗА ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

ПЛАН за ЕКОНОМСКИ РАСТ

| Компанија | Име на проект | Град | Сопствено ко-финансирање (МКД) | ФИТР ко-финансирање (МКД) | Вкупен буџет | Кус опис | Индустрија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НЕНИКО ДООЕЛ | Витамински пијалоци - NUGY | Гостивар | 22.816.500,00 | 9.778.500,00 | 32.595.000,00 | Главната цел на проектот е развој на концепт и воведување на производство на нова пилот линија на Витамински пијалоци – NUGY. Средствата се наменети и за набавка на соодветни машини и опрема за тестирање и вршење на испитувања, изработка на амбалажата, дизајн, патентирање на производот и сл. Витаминските пијалоци се дополнување на палетата производи на компанијата, а истите ќе бидат направени без конзерванси и без примена на вештачки синтетички засладувачи од типот на аспартамин/цикламат. | Маркетинг, трговија, продажба и дистрибуција |
| МЕБЕЛДИЗАЈН ДООЕЛ - експорт импорт Тетово | Примена на нова технологија HPL за производство на мебел "ЗООМ" | Тетово | 11.821.518,10 | 5.066.364,90 | 16.887.883,00 | Проектот предвидува воведуваење на нова линија производи мебел под марката „ЗООМ" на кои ќе се примени новата технологија под името HPL (високо ниво на притисок ). Компанијата Мебел Дизајн со помош на оваа технологија ќе произведува издржлив матерјал за производство на мебел, отпорен на вода, топлина, киселини и хемиски супстанци, издржлив на механички оштетувања од лесни и тешки предмети , гребаници, сечења со остри предмети и други оштетувања. Дел од средствата исто така ќе бидат наменети за набавка на дополнителни делови за преработка на суровини и репроматеријали со што ќе се надополни и модернизира постојната опрема за производство на класичниот мебел. | Технолошка индустрија |

| Компанија | Име на проект | Град | Сопствено ко-финансирање (МКД) | ФИТР ко-финансирање (МКД) | Вкупен буџет | Кус опис | Индустрија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МАК НОВА ДООЕЛ | Бебешка и долна облека без рабови | Виница | 5.920.000,00 | 2.529.007,20 | 8.449.007,20 | Главна цел на проектот е дизајн на колекција (надворешен изглед и технички дизајн) на долна детска облека без рабови (flatlock) и воведување на линија за производство на ваков тип на облека. Покрај набавката на машини и опрема за производство компанијата ќе вложи и во обука на вработени за работа според новата технологија, а се предвидува и отворање на нови работни места. | Текстилна индустрија и кожарство |
| ПИКСЕЛ ГРУП ДОО СКОПЈЕ | Разработка на технологија и производство на бифацијален фотоволтаичен модул | Скопје | 11.211.312,00 | 4.804.848,00 | 16.016.160,00 | Проектот предвидува воведување на технологија за производство на бифацијален фотоволтаичен модул со зголемена моќност и ефикасност во одно на стандардните моноволтаични модули. На овој начин ќе се добие поголема искористеност на сончевата енергија и поголема ефикасност на системот за користење на природни извори на енергија. Овој проект има позитивно влијание и врз заштита на животната енергија. | Електроника и електротехника |

| Компанија | Име на проект | Град | Сопствено ко-финансирање (МКД) | ФИТР ко-финансирање (МКД) | Вкупен буџет | Кус опис | Индустрија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТРИМАКС ДОО СКОПЈЕ | Инерактивни табли со интегрирани Е- наставни материјали | Скопје | 5.919.760,00 | 2.537.240,00 | 8.456.800,00 | Компанијата Тримакс д.о.о, Скопје работи на развој на современ модел на интерактивен софтвер кој треба се вгради во интерактивни “смарт табли“. Целта е во нив да се вградат Е- наставни материјали кои како алатка ќе се користат во наставната програма. Освен за набавка на таблите, средствата ќе бидат наменети и за набавка на хардвер и развој на софтвер со кој ќе се овозможи директен приказ на материјалите, можност за споделување на дополнителни наставни материјали, како и можност за онлајн настава и директна интеракција на професорите и учениците. | Образование |
| ЦЕНТРО ФРУТА ДООЕЛ ВИНИЦА | Еко-пакувана вода | Виница | 23.176.078,00 | 9.932.602,00 | 33.108.680,00 | Целта на проектот е воведување на нова модернизирана производествена линија со нова технологија за полнење на минерална вода. Со примената на оваа технологија оваа компанија за 18% ќе ја намали употребата на пластика за пакување, а за 12% ќе се намали цената на производот. Модернизација на производствениот процес ќе придонесе кон технолошки развој на компанијата, но и за заштита на животната средина. | Земјоделие |

| Компанија | Име на проект | Град | Сопствено ко-финансирање (МКД) | ФИТР ко-финансирање (МКД) | Вкупен буџет | Кус опис | Индустрија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВОРИ ЈОРДАНКА ДООЕЛ | Производство на нови типови „Лут ајвар" со нова технолошка постапка | Гевгелија | 16.837.584,00 | 6.227.601,00 | 23.065.185,00 | Проектот предвидува воведување на нова технолошка постапка за производство на четири нови производи лут ајвар и набавка на соодветна производствена опрема. Компанијата исто така ќе вложи средства и во изработка на нова амбалажа за новите приоизводи. Според анализите на компанијата која постои речиси 30 години, проширувањето на производството директно ќе влијае и врз зголемување на обемот на регионалното производство на зеленчук кој се користи за преработка. | Земјоделие |
| ДИМЧЕ КОТЕСКИ КОБИЛ ЕКСПОРТ - ИМПОРТ ДООЕЛ БИТОЛА | Унапредување на квалитетот на производство и пласман на термо-изолазицски декоративни 3d-Mit панели | Битола | 10.084.974,90 | 4.322.132,10 | 14.407.107,00 | Целта на проектот е изработка на нов производ „3d-Mit термо-изолациски декоративни ѕидни панели" и унапредување на квалитетот на производство. Со средствата ќе се набави опрема чија цел е автоматизација и унапредување на дел на процесот на приозводство на ѕидните панели. Инаку „Кобил" е производна фирма, основана во 1991 година која се занимава со производството и монтажа на челични конструкции и метални делови, префабрикувани системи за сува градба како и термоизолациони панели. | Градежништво и машинство |

| Компанија | Име на проект | Град | Сопствено ко-финансирање (МКД) | ФИТР ко-финансирање (МКД) | Вкупен буџет | Кус опис | Индустрија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПЗУ НОВА ДЕНТАЛ ХИРУРГИЈА | КВИХ – Компјутерски водена имплантна хирургија | Скопје | 11.634.700,00 | 4.986.300,00 | 16.621.000,00 | Проектот Компјутерски водена имплантна хирургија предвидува воведување на процес на 3Д метода за хируршката терапија. Вовдувањето на овој технолошки процес вклучува изготвување на компјутерска томографска 3Д слика од пациентот преку софтвер за планирање и анатомски прецизна 3Д визуелизација. Во моментов во нашата држава достапна е само конвенционалната 2Д метода. Во рамките на проектот ќе бидат набавени и 3Д компјутерски томограф, 3Д печатар за изработка на хируршките водичи како и специјална хируршка опрема за компјутерски водена имплантна хирургија. | ИТ |
| ПЗУ ДЕНТАР КЕАР БАКРЕВСКИ | Антиалергени дигитални дентални протези | Битола | 6.440.000,00 | 2.760.000,00 | 9.200.000,00 | Со овој проект се предвидува воведување на нов производ - дигитални дентални протези. Тие се посебни и различни, и според материјалот од кој се изработуваат, начинот и процесот на изработка, изгледот и компатибилноста, како и според издржливоста и естетскиот изглед. Со воведувањето на овој процес за првпат на Балканот ќе се изработуваат "совршени вилици" кои се најблиску до природните заби на индивидуата, а ќе имаат конкурентна цена. Финансиските средства директно ќе бидат наменети за набавка на техничко-технолошка опрема, воведување на стандарди, разработка на техничко-технолошките аспекти во развој и воведување на нови производи | Здравство и медицина - (медицински помагала и медицински материјали) |

| Компанија | Име на проект | Град | Сопствено ко-финансирање (МКД) | ФИТР ко-финансирање (МКД) | Вкупен буџет | Кус опис | Индустрија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП | Автоматизација и оптимизација на лабораториските процеси за добивање нискобуџетни геомеханички елаборати | Скопје | 571.200,00 | 244.800,00 | 816.000,00 | Главната цел на проектот е воведување на нов технолошки процес во градежната лабораторија за автоматизација и оптимизација на лабораториските процеси за добивање нискобуџетни геомеханичи елаборати. Компанијата меѓу другото ќе набави соодветна опрема и софтвер за оваа намена. Со воведување на новиот процес треба се намалат цените на услугите, трошоците како и времето потребно за изработка на елаборат. | Градежништво |
| ДЕЖА ВУ ЏЕЛАТО | Handmade gelato-Слатко задоволство | Скопје | 23.317.865,20 | 9.993.370,80 | 33.311.236,00 | Компанија воведува нова производствена линија на специјализирани сладоледи наменети за одредени категории лица. Меѓу другото ќе се произведуваат специјални видови слаодолед за дијабетичари, спортисти и вегани, односно сладолед со ниски масти и без шеќери произведен од оризово млеко. Средствата се наменети за набавка на специјализирани машини со кој ќе се воведе нов технолошки процес, што ќе придонесе кон зголемување на производствениот капацитет на компанијата. | Прехрамбена индустрија |

| Компанија | Име на проект | Град | Сопствено ко-финансирање (МКД) | ФИТР ко-финансирање (МКД) | Вкупен буџет | Кус опис | Индустрија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АВЕНТУРА ИКС | Безвучен авионски сервис- Авентура Икс | Крушево | 8.239.980,00 | 3.531.420,00 | 11.771.400,00 | Средствата од проектот се наменети за набавка на безвучна еколошка електрична едрилица и опрема за поддршка на работотењето на едрилицата, како и развивање на софтвер за електронска продавница. Ваквата едрилица ќе биде прва во државата и има за цел да понуди уникатно авантуристичко доживување и подобро мапирање на Крушево како туристичка дестинација. | Креативни индустрии |
| БЛИЗНАК КОМ | Воведување на систем за управување со отпад во Општина Гевгелија со системска селекција | Гевгелија | 3.597.650,00 | 1.541.850,00 | 5.139.500,00 | Компанијата работи на воведување на систем за управување со отпад кој ќе опфати селекција и обработка на комунален отпад со цел негово намалување и поефикасно искористување. Со средствата ќе се набави автоматска машина и опрема која содржи иновативна технологија за обработка на комунален отпад. Со воведувањето на оваа технологија ќе се зголеми продуктивноста и ќе се намали штетноста од несоодветно управување и одложување на отпад во општина Гевгелија. | ИТ, Екологија |

| Компанија | Име на проект | Град | Сопствено ко-финансирање (МКД) | ФИТР ко-финансирање (МКД) | Вкупен буџет | Кус опис | Индустрија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АВТО-СЕЛ | GAS-SALE | Кочани | 6.979.140,00 | 2.991.060,00 | 9.970.200,00 | Проектот предвидува набавка на опрема и машини за електронско полнење боци со течен нафтен гас и изработка на софтверска платформа за онлајн продажба и достава во рок од 24 часа и до најруралните средини во држава. Со ова треба да се олесни достапноста до ваков тип на гас за голем број домаќинства кои во моментов можат да го набават само на бензински станици. | Енергетика и извори на енергија |
| САН ВЛАХО | Еколошка трансформација на хотелската дејност | Скопје | 2.586.540,00 | 1.027.677,00 | 3.614.217,00 | Компанијата Сан Влахо воведува нов систем за електрична потрошувачка во својот хотел со што ќе се трансформира во еко - хотело. Подобрување на потрошувачка на електрична енергија во хотелот ќе биде преку набавка и поставување на фотоволтаични панели, набавка на еко возила, електрични тротинети, велосипеди, Овој проект ќе придонесе и кон заштита на животната средина и намалување на загаденоста во градот Скопје. | Услужни дејности |

| Компанија | Име на проект | Град | Сопствено ко-финансирање (МКД) | ФИТР ко-финансирање (МКД) | Вкупен буџет | Кус опис | Индустрија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПЗУ ПРИМ. Д-Р САМАРЏИСКИ | НИЕ, ВИЕ И ЗДРАВЈЕТО | Штип | 977,060.00 | 418,740.00 | 1,395,800.00 | Компанијата работи на развој на пилот линија и набавка на технолошки напредна медицинска опрема за детекција и превенција од потенцијални заболувања кај младите. Поектот е наменет за превенција од прекумерната телесна тежина, дебелината, хипертензија, метаболен синдром, хиперлипидемија, дијабетес тип 2, пред се кај младите од 15 до 25 години во источниот регион на државата. За таа цел се предвидува набавка на технолошки напредна медицинска опрема, биохемиски реагенси за специфични лабораториски испитувања и тестирања како и набавка на имунолошки и биохемиски анализатор. Во рамките на проектот ќе биде изработена и апликација за електронска евиденција на пациентите во програмата и персонализирана телефонска апликација, директно поврзана со електронската апликација. | Здравство и медицина - (медицински помагала и медицински материјали) |

| Компанија | Име на проект | Град | Сопствено ко-финансирање (МКД) | ФИТР ко-финансирање (МКД) | Вкупен буџет | Кус опис | Индустрија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СКИ ЦЕНТАР ПАНОРАМА КРУШЕВО | АВАНТУРА ПАРК КРУШЕВО- ЛЕТНА САНКА | Крушево | 9.212.000,00 | 3.948.000,00 | 13.160.000,00 | Компанијата Ски центар Панорама, која стопанисува со ски теренот во Крушево планира набавка и инсталација на т.н "Летна санка" – патека од цилиндрична шина по долината на планината која може да се користи за санкање и скијање и во лето. Со воведуваење на овој нов сегмент ќе се збогати туристичката понуда во градот, а проектот ќе придонесе и за осовремување и унапредување на развојот на еко-туризмот во земјата. | Hospitality Service |
| ИКОНА | бидиКласика | Скопје | 8,248,800.00 | 3,535,200.00 | 11,784,000.00 | Средствата се наменети за развој на нова линија на продукција и печатење на специфични книги од класична литература прилагодени за три нивоа на читање за различни целни групи (мали деца до 10 години, тинејџери до 18 години и млади над осумнаесет години). Истите ќе бидат прилагодени и за дислексични деца и возрасни лица. Производите ќе бидат дополнети и со низа производи и гаџетски колекции како подарок, инспирирани и илустрирани од класици. Според анализите на оваа позната издавачка куќа во земјата просечно по глава на жител годишно книги читаат 0,4% од населението поради што со овој проект треба да се зголеми видливоста и потребата за читање, особено за класиката. | Маркетинг, трговија, продажба и дистрибуција |

Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

| Компанија | Име на проект | Град | Сопствено ко-финансирање (МКД) | ФИТР ко-финансирање (МКД) | Вкупен буџет | Кус опис | Индустрија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПЗУ ДЕНТА ЕСТЕТИКА ТИМ | Целосна дигитализација на стоматолошката пракса | Скопје | 2.065.724,00 | 5.053.356,00 | 7.119.080,00 | Со овој проект се предвидува набавка на опрема за дигитализација на стоматолошките услуги кои во моментов се изработуваат рачно поради што одземаат многу време, ресурси и вложен напор за изработка. Со помош на новиот дигитален систем ќе се дигитализира целата протетичка, хируршка и ортодонтска терапија во поликлиниката. Со оваа услуга се отвораат и повеќе можности за развој на денталниот туризам бидејќи само една посета е доволна пациентите да добијат изработен мост, коронка или ортодонтско помагало. | Здравство и медицина – (медицински помагала и медицински материјали) |
| ВИРТУС ЕЛИАС ДООЕЛ | Платформа за управување на објекти | Скопје | 535.556,00 | 229.524,00 | 765.080,00 | Проектот предвидува изработка на платформа за управување со објекти – Facilty Management, со која треба да се понуди интегрирана и транспарентна услуга за клиентите. Оваа платформа ќе биде прва од ваков вид во Македонија и ќе понуди интегрирање на процедурите за управување на објектите а ќе биде основа за воведување на нови услуги како модули на "паметна куќа", интегрирано следење на сервисните тимови, можност за идивидуализирани услуги. Со воведувањето на оваа технолошка иновација ќе се подобри квалитетот на услугите, ќе се зголеми ефективноста на работењето на компанијата, а компанијата предвидува и отворање на нови работни места. | ИТ |

*Листата не е конечна. За дел од компаниите кои доставија аргументи по коментарите добиени од страна на КОИ во тек е процес на повторно разгледување. Исто така, за дел од компаниите во тек е процес на разговори за рационализација на буџетите.

КОФИНАНСИРАНИ ГРАНТОВИ ЗА ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

ПЛАН за ЕКОНОМСКИ РАСТ